# Информација за семинарот „Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активисти“ одржан во х.Славија, Охрид

Во периодот од 16-18 јуни, 2011 година во х. Славија, Охрид Синдикатот на УПОЗ во соработка со фондацијата „Фридрих Еберт“ одржа семинар на тема „Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активисти“. Учесници на семинарот беа членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, како и членови на поединечни комисиите, одборите конституирани од страна на Синдикатот и регионални координатори на УПОЗ.

Предавачи на семинарот беа проф. Др. Борче Давитковски, м-р. Димитар Апасиев и проф. Др. Константин Петковски.

Професорот Давитковски се осврна на промените што треба да се направат во Законите за државни и јавни службеници, како и потребата од примена на истите. Во своето излагање, тој укажа на фактот што Синдикатот на УПОЗ беше буквално единствениот што ја алармираше јавноста во изминатите 2 (две) години за недостатоците во овие два закона и за потребата од вклучување на синдикатите во подготовката на вакви клучни закони кои ќе влијаат на над 120.000 во јавната и државната администрација. Професорот Давитковски исто така одговори на голем број на прашања што беа поставени од членовите на Синдикатот на УПОЗ.

М-р Димитар Апасиев се обиде да направи резиме на книгата (*Обезвреднување на трудот)* издадена од страна на Здружението за социјална правда, ЛЕНКА во која што тој членува. Посебен акцент м-р Апасиев стави на фактот што во изминатите 20 години, различните политички опции кои што биле на власт подеднакво ги намалувале работничките права преку разни закони. Тој ги посочи како специфични примери Законот за работни односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. М-р Апасиев хронолошки ги прикажа различните промени во овие два закони кои придонеле за намалувањето на силата и на работниците и на синдикатите. Меѓу другото тој ги сумира и активностите кои Здружението ЛЕНКА ги превзема за подигање на свеста кај работниците и општо кај обичните граѓани (доставување на претставки до Уставен суд, мирни протести, прес конференции и слично). Сите присутни добија по една (скратена) брошура од книгата *Обезвреднување на трудот*.

Професорот Петковски својата сесија ја искористи за едно динамично предавање на која направи една добра споредба помеѓу способностите кои што лидерот треба да ги поседува и капацитетите кои свесно истиот треба да ги зајакнува. Преку разни примери од менаџментот и човековите ресурси, професорот Петковски го истакна фактот дека не секој Претседател на синдикална организација е лидер по автоматизам. За поддршка на

оваа теза професорот даде голем број на примери, а подоцна ги посочи спецификите на кои што лидерот треба да обрне внимание за да стане уште подобар лидер во својата средина. Професорот Петковски имаше и две интерактивни вежби на кои самите учесници имаа можност да ги препознаат своите карактеристики и каде тие припаѓаат во разните шеми за карактерни особини.

Во поединечни разговори со учесниците на семинарот, како и по искажувањето на нивното мислење на завршетокот од истиот, може да се заклучи дека семинарот беше извонредно добро прифатен од членовите на УПОЗ. За тоа секако придонесоа предавачите како и добрата организација на семинарот. Ова е веќе вториот семинар (од планираните три семинари) годинава што е поддржан од фондацијата „Фридрих Еберт“ – првиот семинар по барање на синдикалната организација на Фонд за ПИОМ беше одржан од 15-17 април, 2011 година. Фондацијата „Фридрих Еберт“ ќе продолжи со поддршката на Синдикатот на УПОЗ и се надеваме дека и следните семинари и работилници ќе дадат и уште подобри резултати.

**Подготвил:**

**Милан Живковиќ**